**РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**НАРОДЕН ПРАВОБРАНИТЕЛ**

**Оддел за заштита на правата на детето и лица со попреченост**

# ПОСЕБЕН ИЗВЕШТАЈ

## од спроведеното истражување за согледување на состојбата со неевидентираните деца во матичната книга на родените по примената на Законот за неевидентирани лица во матична книга на родени

**мај, 2021**

# Вовед

Народниот правобранител, како орган кој ги штити уставните и законски права на граѓаните преку Одделот за заштита на правата на детето и лица со попреченост посветува посебно внимание за заштита на правата на детето и остварување на истите на начин како што е утврдено со Конвенцијата за правата на детето и постојната правна регулатива. Во тој контекст, овој Оддел во континуитет ја следи состојбата со децата, и следствено остварувањето на правото на идентитет, односно нивното запишување во матичната евиденција на родените, што неспорно претставува предуслов за непречено остварување на сите права на детето гарантирани со националната регулатива и Конвенцијата за правата на детето.

Имајќи ја предвид важноста на решавање на овој долгогодишен проблем, а со оглед дека државата немаше точен податок за бројот на деца и лица чие раѓање не е регистрирано во матичната книга на родени, после бројни укажувања и препораки, како од страна на Народниот правобранител, од невладинскиот сектор во земјава, но и од меѓународните организации, во април 2018 година Управата за водење на матичните книги и Министерството за труд и социјална политика објави повик за прибирање на податоци за лица-нерегистрирани во матичната книга на родени, со кој беа повикани лица кои што немаат регистрирано упис на раѓање во матичната книга на родени да достават барање за дополнителен упис. Притоа, ова барање можеше да се достави до подрачните канцеларии на Управата за водење на матичните книги, со документи кои што се потребни за упис на раѓање. Лицата кои не поседуваа било каков документ/доказ потребен за поднесување на барањето за дополнителен упис, можеа да доставaт барање, кое требаше да послужи за собирање податоци за лицата кои што не се евидентирани во матичната книга на родените и да се добие официјален податок за тоа колку лица во Република Северна Македонија не се регистрирани во матичната книга на родените.

На 01 ноември 2018 година заврши јавниот повик на Министерството за труд и социјална политика и Управата за водење на матичните книги со кој се идентификуваа децата/лицата без лични документи.

Следствено, на 15 февруари 2020 година, Собранието на Р.С. Македонија го донесе Законот за неевидентирани лица во матичната книга на родените[1] чија цел е лицата неевидентирани во матична книга на родени да се евидентираат во посебна матична книга на родени, заради добивање на извод од посебната матична книга на родени и идентификациона исправа заради остварување на право на образование, здравствена заштита, социјална заштита и вработување со

[1] Законот е објавен во Службен весник на РСМ на 16 февруари 2020 година, под број 42/2020

задолжително социјално осигурување согласно со закон, до дополнителен упис во матична книга на родените и добивање на прв извод од матичната книга на родени, согласно со закон.

Со овој закон беше предвидено лицата да поднесат барање за упис во рок од шест месеци од донесувањето на законот[2], односно до август 2020 година. Меѓутоа, Владата на Р.С.Македонија, поради вонредната состојба од пандемијата од Ковид 19 на седница одржана на 29 мај 2020 година донесе одлука[3] рокот за поднесување на барање за упис во посебната матичната книга на родените да престане да тече за време на вонредната состојба и да продолжи шест месеци по престанокот на траењето на вонредната состојба.

Одделот за заштита на правата на детето и лица со попреченост при Народниот правобранител, заради согледување на состојбата со остварување на правото на упис на неевидентираните деца во Посебната матична книга на родени, издавање на извод од посебната матична книга на родените како и дополнителниот упис на неевидентираните деца во матичната книга на родени, имајќи го предвид рокот на примена на Законот за неевидентирани лица во матичната книга на родени, поточно за поднесување барање, согласно Програмата за работа за 2021 година одлучи да спроведе истражување.

## 1. Цел и методологија на истражување

Целта на истражувањето е да се утврди состојбата со бројот на деца чие што раѓање не е евидентирано во матичната книга на родени, односно мерките кои се преземаат и ефектите од истите во однос на уписот во Посебна матична книга на родени, издавање на извод од посебната матична книга, согласно Законот за неевидентирани лица во матичната книга на родени, а кој впрочем се однесува и за евдиентирање на раѓање на деца кои досега не се евидентирани во матичната евиденција.

Со спроведеното истражување добиени се податоци за постапката за евидентирање на лицата, конкретно за начинот на кој лицата побарале Упис во посебната матична книга на родени, во кој период биле поднесени Барања, податоци за времетраење на постапката за упис, како и податоци за возраст и етничка припадност на неевидентирани лица внесени во Евиденција, согласно горе споменатиот Закон за неевидентирани лица во матична книга на родени.

Во истражувањето беше применето анкетирање, како техника на истражување, со инструмент на истражување анкетни прашалници наменски

[2] Член 7 став 1 од Законот за неевидентирани лица во матична книга на родени

[3] Уредба со законска сила за примена на Законот за неевидентирани лица во матичната книга на родени за време на вонредната состојба, Сл.весник на РСМ бр.140 од 29.05.2020 година

конструирани за потребите на истражувањето, како и анализа на правната регулатива.

Беа употребени два вида на прашалници, еден кој е достевен до Управата за водење на матични книги и друг кој е доставен до неколку Граѓански организации и Здруженија кои работат со оваа проблематика, при што секој прашалник содржеше прашања кои соодветствуваа на работата на органот односно на Граѓанските организации/Здруженија, наменски изработен согласно надлежностите на Здруженијата имајќи ги предвид одредбите од Законот за неевидентирани лица во матичната книга на родении на организациите.

Анкетата се спроведе во период април-мај 2021 година, по што следуваше анализа на добиените одговори од анкетираниот орган и Граѓанските организации и Здруженија кои работат на оваа проблематика, како и подготовка на Посебниот извештај.

## 2. Конвенција на ОН за правата на детето

Конвенцијата за правата на детето, во член 1 наведува дека детето е човечко суштество кое нема навршено осумнаесет години живот, ако врз основа на законот што се однесува на детето, полнолетноста не се добива порано.

Понатаму, во член 3 се наведува дека во сите активности кои се однесуваат на децата од примарно значење се интересите на детето, без оглед на тоа дали ги спроведуваат јавните или приватните институции за социјална заштита, судовите,административните органи или законодавните тела.

Во Конвенцијата, посебни членови (член 7 и член 8) се однесуваат на правото на име, грижа и државјанство на детето, при што, се наведува дека детето се пријавува веднаш по раѓањето и од раѓање има право на име, право на грижа, државјанство и, ако е тоа можно, право да знае кои му се родители и право тие да се грижат за него.

Според став 2 од членот 7, државата има обврска да го обезбедува остварувањето на овие права во согласност со националните закони и со своите обврски, а во согласност со соодветните меѓународни инструменти од оваа област, особено во оние случаи кога детето, инаку би било апатрид.

Исто така, според член 8 од Конвенцијата за правата на детето, обврска на државата е да го почитува правото на детето за зачувување на својот идентитет, вклучувајќи го државјанството, името, семејните врски, како што е тоа признато со закон, без незакоско мешање.

Оттука, неспорно е дека детето има право на легален идентитет, регистрација во матичната книга на родени, како и државјанство. Но, исто така, неспорна е констатацијата дека има деца чие што раѓање се уште не е

евидентирано во матичната книга на родени. Најчесто тоа се деца чии родители се исто така без евидентирано раѓање, лица без документи, со што правната невидливост на родителите, за жал ја „наследуваат“ и децата, а со тоа им се ускратени правата кои ги имаат и ги уживаат другите деца.

Имено, децата родени од родители кои се без документи, од родители со неодредено или непознато државјанство не можат во целост да го завршат уписот во матичната книга на родени, и се изложени на ризик од бездржавјанство, затоа што не можат да ја докажат врската која ја имаат со државата во која се родени и кои се нивните родители.

Несомнено регистрирањето на детето при раѓање е важен и прв чекор во обезбедувањето на нивното признавање пред законот, односно овозможување непречено уживање на основните права  и заштита на истите од повреди и прекршувања.

## 3. Закон за неевидентирани лица во матична книга на родени

Со Законот за неевидентирани лица во матичната книга на родени[4] се уредува постапката за прибирање и евиденција на личните податоци за лицата кои не се евидентирани во матична книга на родени, видот на податоците што се евидентираат, условите за запишување во посебна матична книга на родени, условите за запишување во посебна матична книга на умрени, издавањето на извод од посебната матична книга на родени, издавањето на извод од посебната матична книга на умрени, идентификациона исправа и дополнителниот упис на овие лица во матичната книга на родените.

Целта на овој закон е лицата неевидентирани во матична книга на родени да се евидентираат во посебна матична книга на родени, заради добивање на извод од посебната матична книга на родени и идентификациона исправа заради остварување на право на образование, здравствена заштита, социјална заштита и вработување со задолжително социјално осигурување согласно со закон, до дополнителен упис во матична книга на родените и добивање на прв извод од матичната книга на родени.

Согласно член 4 од Законот, овој закон се применува на лица кои живеат и/или се родени на територијата на Република Северна Македонија, а не се запишани во матична книга на родени и немаат својство на странец со регулиран престој согласно со закон, а се евидентирани согласно со јавниот повик објавен на интернет страницата на Министерството за правда - Управата за водење на матичните книги и на интернет страната на Министерството за труд и социјална политика од 1 април 2018 година до 1 ноември 2018 година.

Законот, исто така, се применува и на лицата за кои е во тек постапка за дополнителен упис во матична книга на родени започната пред објавувањето на јавниот повик и на децата кои се родени по завршувањето на јавниот повик, а не исполнуваат услови за запишување во матична книга на родените согласно со закон.

Постапката за прибирање на личните податоци за лица неевидентирани во матичната книга на родени е уредена во посебен дел (II) во Законот, при што според член 5, податоците за неевидентираните лица се прибрани со пополнување на прашалник, врз основа на спроведениот јавен повик или по претходно спроведена непосредна посета на лицата во местото на нивното престојувалиште/живеалиште.

Непосредната посета на лицата е спроведена од службени лица на Министерството за правда-Управата за водење на матичните книги, Министерството за внатрешни работи, Центарот за социјална работа и Здруженијата кои работат на проблематиката на неевидентираните лица во матичната книга на родени, заради собирање на податоци за овие лица и пополнување на прашалникот.

Согласно член 7 од споменатиот закон, лице кое не е евидентирано во матичната книга на родени чии податоци се внесени во Евиденцијата на управата, поднесува барање до Управата во рок од шест месеци од денот на донесување на овој закон[5] за упис во посебната матична гнига на родени. Понатаму, овластеното лице по спроведена постапка донесува решение за упис на лицето во посебната матична книга на родените, во рок од 30 дена од поднесување на барањето.

Согласно член 7 став 3, уписот во посебната матична книга на родените трае до дополнителниот упис во матичната книга на родените, согласно со Законот за матичната евиденција.

На неевидентираното лице во матичната книга на родени му се издава извод од посебната матична книга на родените, во рок од 10 дена од денот на донесување на решението, кој важи до дополнителниот упис во матичната книга на родени, согласно Законот за матичната евиденција.

Во став 5 од истиот член е уредено дека евиденциониот број во изводот од посената матична книга на родените за лицата неевидентирани во матичната книга на родени го има истото значење како матичниот број на граѓанинот при остваривање на правото на образование, здравствена заштита, социјална

---

[5] Со Уредба на Владата,рокот за поднесување на барање за упис во посебната матичната книга на родените престанува да тече за време на вонредната состојба и продолжува шест месеци по престанокот на траењето на вонредната состојба ( Сл.весник на РСМ бр.140/2020)

заштита и вработување со задолжително социјално осигурување, согласно со закон.

Службено лице од Управата го известува Министерството за внатрешни работи за издадениот извод од посебната матична книга на родени во рок од 15 дена од денот на издавањето, заради издавање на идентификациона исправа, која спогласно член 10 став 2 од Законот, е со важност од 5 години, со можност за продолжување до дополнителниот упис во матичната книга на родените, по кој упис истата се поништува.

Со идентификационата исправа лицата запишани во посебната матична книга на родени пред надлежните институции и органи го докажуваат идентитетот во однос на остварување на правата согласно со овој закон.

Во Законот е утврдено дека лице запишано во посебната матична книга на родени согласно со овој закон, по добивањето на извод од посебната матична книга на родени и идентификациона исправа, може да оствари право на образование, здравствена заштита, социјална заштита, вработување со задолжително социјално осигурување, согласно со закон, под исти услови како и државјаните на Република Северна Македонија.

## 4. Анализа на добиените податоци

### 3.1. Податоци добиени од Управата за водење на матични книги (УВМК)

Согласно добиените податоци од Управата за водење матични книги (во натамошниот текст: Управата), вкупниот број на неевидентирани лица внесени во Евиденција, согласно Законот за неевидентирани лица во МКР изнесува **659 лица.** ***Сите 659 лица се пријавиле во Управата на Јавниот повик кој беше отворен во период од 1 април 2018 година до 1 ноември 2018 година, а воедно за истите лица биле отворени прашалници и при спроведените непосредни посети на лицата во местото на нивното престојувалиште/живеалиште.***

| Вкупен број на неевидентирани лица во МКР |
|---|
| **659** |

Пред објавување на Јавниот повик, за ниту едно неевидентирано лице не била отпочната постапка за добивање извод од матична книга на родени, а ***во***

***однос на бројот на неевидентирани деца кои се родени по завршувањето на јавниот повик, а не исполнуваат услови за запишување во матична книга на родените согласно со закон (со оглед дека и оваа категорија е опфатена во Законот за неевидентирани лица во матична книга на родени) Управата не располага со таква информација.***




***До Управата за водење на матични книги вкупно <u>се доставени 211 барања за упис</u> во Посебната матична книга на родени, од кои 184 барање во текот на 2020 година, и 27 Барања во периодот јануари-април 2021 година.*** Ако се има предвид дека на Јавниот повик се пријавиле вкупно 659 неевидентирани лица, а само 211 од нив поднеле Барање за упис во посебната матична книга на родени, ***заклучок е дека околу околу 70% од идентификуваните неевидентирани лица се уште не поднеле барање за отпочнување постапка за упис во посебна матична книга и издавање на извод, а со тоа и документ за лична идентификација***.

Наведеното е претставено во следниот график:







Одговорите од Управата за водење на матичните книги во врска со бројот на поднесени Барања за упис во посебната МКР, донесени решенија за упис во посебната МКР, поднесени Жалби против решенија за упис во посебна МКР и број на издадени изводи од посебната МКР, во текот на 2018, 2019, 2020 година, заклучно со април 2021 година, се прикажани во следниот графикон .




***Според податоците, во текот на 2020 година (по донесување на Законот) поднесени се вкупно 184 Барања за издавање извод од посебната МКР, од кои само за 44 лица Управата донела Решение за издавање извод од посебната МКР и за истите се издадени Изводи од посебната Матична книга на родени.***

***Во период од јануари - април 2021 година, поднесени се вкупно 27 Барања за издавање извод од посебната МКР, а донесени се 32 Решенија за издавање извод од посебната МКР, и се издадени Изводи од посебната Матична книга на родени (објаснување од Управата е дека во вкупниот број Решенија се наведени и оние донесени во тековната година, а за кои имало претходно поднесени барања).***




***Од вкупно 659 неевидентирани лица, повеќе од половина, односно 60% (или 397) се деца, на возраст под 18 години.***






Според евиденцијата на Управата за водење на матични книги, ***најголем број од неевидентираните лица кои се изјасниле за етничката припадност се Роми ( 428), потоа Албанци (88), Турци (20), Македонци (12), Бошњаци (3), Срби (2) и Власи (1).***

Со оглед дека во член 5 став 4 и 5 од Законот е уредено определувањето на адресата на лицето неевидентирано во матичната книга на родени, при што истата се определува согласно дадената изјава на лицето, а ако нема пријавено адреса на живеење се евидентира адресата на Центарот за социјална работа во местото на негово живеење, од Управата беше побарано податок колку од овие лица немаат пријавено адреса на живеење, односно се евидентираат на адреса на Центарот за социјална работа. Меѓутоа, ***Управата одговорила дека не располага со таква информација, а видно од одговорите нема ниту податок за бројот на постапки во тек, за дополнителен упис во МКР, заклучно со април 2021 година.***

Инаку, рокот од започнување на постапката до донесување Решение за дополнителен упис во МКР изнесува 30 дена, и според Управата, ***различни се причините поради кои се пречекорува законски предвидениот рок***, за секој предмет, при што се споменуваат:

- разлика во податоците дадени во Прашалниците и оние при поднесено Барање за упис во Посебната НКР;
- подносителот на барањето не е лицето за кој се однесува предметот, ниту пак е неговиот родител и во тој случај повторно се повикуваат странките,

-странките не доставуваат 4 фотографии, како што е предвидено во законот.

Во однос пак, на ***работните денови определени за прием на барање за упис*** на неевидентирани лица, констатација е дека ***во секој град е различно***, пример во Скопје еднаш неделно, Тетово 2 пати неделно, а во останатите градови секој ден, при што, ***во секој град е определено по едно службено лице за контакт со странките во постапката за прибирање, евиденција и издавање на изводи на неевидентирани лица.***

***Управата за водење на матичните книги соработува со невладини организации кои работат на оваа проблематика***. Во 2018 и 2019 година соработката се состоела во формирање мобилни тимови составени од преставници од УВМК, МВР, ЦСР и преставници од невладини организации, кои одеа на терен со цел да се пополнат прашалници за лицата неевидентирани во матичната книга на родените, додека со донесување на Законот за неевидентирани лица во матичната книга на родените, невладините организации учествуваат во процесот на информирање на лицата и нивно придружување (носење) до шалтерите на Управата за водење на матичните книги.

## 5. Анализа на добиените податоци од Граѓански организации/ Здруженија кои работат со проблематиката за неевидентирани лица во Матична книга на родени

Во овој дел од Посебниот извештај анализирани се одговорите добиени од Македонско здружение на млади правници МЗМП Скопје, Здружение на граѓани Асоцијација иницијатива за социјална промена ИнСок Скопје, Здружение за правна едукација и транспарентност СТАНИЦА П.Е.Т. Прилеп и Здружение на граѓани на просветни работници за заштита на правата на жените и децата ЛИЛ Скопје[6].

[6] Центар за развој и интеграција во заедницата Амбрела Скопје не одговори на прашалникот, додека Асоцијација за демократски развој на ромите СОНЦЕ Тетово извести дека не работи на проблематика на неевидентирани лица во матичната книга на родени.

### 5.1. Податоци добиени од Македонско здружение на млади правници (МЗМП)

Македонското здружение на млади правници  работи од 2003 година, а од 2010 година го имплементира проектот“ Превенција и намалаување на бездржавјанство“, во партнерство со УНХЦР. Ова Здружение има база на податоци за неевидентирани лица, според која 281 лице не е евидентирано во матичната книга на родени.

Според добиените податоци, бројката на отворени прашалници за неевидентирани лица кои се пријавиле на Јавниот повик, во 2018 година изнесува 125, и во 2019 42 лица. При тоа, 45 прашалници се отворени од МЗМП со матичар на терен во 2018 година, а 42 прашалници се пополенти во матична служба, со придружба на лице од МЗМП, во текот на 2019 година. Од друга страна пак, за 27 лица се води постапка за дополнителен упис во матичната книга, започната пред објавување на јавниот повик и се уште не се решени нивните предмети.

Млади правници известуваат дека во нивната евиденција има 3 деца кои се родени по завршување на јавниот повик, а не исполнуваат услови за запишување во матичната книга на родени, согласно со закон.

Инаку, од средината на октомври 2020 година започна поднесувањето на барања за упис на лицата во посебната матична книга на родени, при што заклучно со април 2021 година поднесени се барања од страна на 100 неевидентирани лица, и за ниту едно од идентификуваните лица нема донесено решение од страна на Управата за водење на матични книги, ниту добиен извод од посебната матична книга на родени.

| **Возраст** | **Вкупен број** |
|---|---|
| До 4 години | **42** |
| 5-17 години | **145** |
| 18-59 години | **9** |
| Над 60 години | **1** |

***Најголем број од неевидентирани лица се деца на возраст до 17 години, дури 187, од кои до 4 годишна возраст се идентификувани 42 деца, а од 6-17 годишна возраст 145 деца.***

***Од вкупниот број 281 неевидентирани лица, 233 се Роми, 35 Албанци,11 Ашкалии и 2 Македонци***.

Според ова Здружение, премногу долго трае постапката за дополнителен упис на неевидентирано лице во матичната книга на родени, во просек 2-3 години, а заклучно со април 2021 година не е поведена ниту една постапка за дополнителен упис на лице/а, од причина што ниту едно од идентификуваните лица нема добиено Извод од посебната матична книга на родени.

Праксата на ова Здружени покажа дека законски предвидените рокови за постапување по барање, односно донесување решение и издавање извод од надлежниот орган најчесто се надминува, при што некогаш причина за тоа е податокот дека родителите на децата не можат да ги прибават бараните докази, кои патем како што известуваат, од страна на матичната служба, при секоја посета се задолжуваат, односно им се бараат нови докази, и особено загрижува сознанието за губење на предметите поради што Здружението повторно треба да ги обезбеди веќе доставените докази и да поведе нова постапка, наново. Инаку, Здружението укажува на недоволен број на службени лица ангажирани за ова прашање со неевидентираните лица (1 лице во матична служба Центар и едно во матична служба Шуто Оризари), со еден приемен ден во неделата (мат.служба Центар), што го отежнува остварувањето на целите утврдени со Закон.

## 5.2. Податоци добиени од Здружение на граѓани Асоцијација иницијатива за социјална промена ИнСок Скопје

Ова Здружение од 2013 година работи на проблемот со неевидентирани лица, чиј ***бројка во базата на податоци на Здружението изнесува 404***. Според добиените одговори, ***за сите лица се отворени прашалници, односно биле пријавени на Јавниот повик од 1 април 2018 до 1 ноември 2018 година, и од спроведени непосредни посети во местото на нивното престојувалиште/живеалиште. Притоа, за 250 лица е во тек постапка за дополнителен упис во матична книга на родени, која започнала пред објавување на јавниот повик.*** Инаку, на Здружението не му е позната бројката на неевидентирани деца кои се родени по завршување на јавниот повик.

Со оглед дека Здружението не поднесува Барања за упис, нема податоци за сетот прашања поврзани со број на поднесени барања од 2018 година заклучно со април 2021 година, број на донесени решенија, изјавени жалби, и издадени изводи од посебната МКР, како и податоци за возраст на неевидентираните лица, нивната етничка припадност.

Здружението дава прецизини податоци за ***бројот на службени лица кои работат на постапката за прибирање, евиденција и издавање на изводи на неевидентирани лица, на ниво на држава***, ***од кои неспорно е дека овој број се движи од 1 до 3 службени лица, и најголем број од Подрачните канцеларии и одделенија се со по 1 службено лице кое работи на постапката за прибирање, евиденција и издавање на изводи на неевидентирани лица.***

### 5.3. Податоци добиени од Здружение за правна едукација и транспарентност СТАНИЦА П.Е.Т Прилеп

**Здружението за правна едукација и транспарентност СТАНИЦА П.Е.Т** е основано во септември 2018 година, а започна со активна работа во јануари 2019 година. Според податоците на ова Здружение од теренската работа ***бројот на неевидентирани лица во Општина Прилеп изнесува 14***. Теерекските активисти на Здружението, работеле како дел од други здруженија и иницијативи, и ***во периодот на Јавниот повик за сите 14 лица беа отворени прашалници, мапирани и при посетите во местото на нивното живеалиште/престојувалиште***.

Здружението, не располага со податоци за бројот на лица за кои е во тек постапка за дополнителен упис, започнатa пред објабвување на Јавниот повик, а ***според евиденцијата 5-6 деца е родени по завршување на јавниот повик, од кои за 3 деца имаат сигурни информации дека се уште не е започната постапка за упис***.

***Здружението известува дека во текот на 2020 година беа поднесени 10 барања за упис во МКР и дека се донесени 10 решенија за упис, и издадени исто толку изводи од посебната матична книга на родени***.

Прикажано ***според возраст, 6 се деца до 18 години***, и 4 се на возраст над 18 години, односно од 18 до 59 години. ***Четири од децата се Роми, и 2 со мешан етникум (Македонци-Албанци).***

Инаку, максималниот рок во кој надлежниот орган донесува решение за дополнителен упис, според ова здружение, во Прилеп е 20 дена, определени се 2 приемни денови (вторник и четврток), а се работи целиот работен ден. Според податоците, 3 (три) службени лица работат за прибирање, евиденција и издавање на изводи за неевидентираните лица.

Имајќи предвид дека важноста на Законот за неевидентирани лица е до 30.06.2021 година, Здружението наведува дека има простор за сомневање дека проблемот со неевидентирани лица нема целосно да се реши, од причина што има лица кои не успеале да се евидентираат по донесување на Законот и преземените активности (јавен повик, непосредни посети) или пак лица кои подоцна се доселиле во Р.С.Македонија, а чие раѓање не е евидентирано во матичната книга на рдоени, како и деца кои се родени после рокот за пријавување на јавениот повик, а не исполнуваат услови за запишување во матична книга на родените согласно со закон.

Друг проблем кој се наведува од страна на Здружението е сознанието дека од страна на Министерството за внатрешни работи за ниту еден случај не е финализирана постапката односно не е издадена лична карта.

### 5.4. Податоци добиени од Здружение на граѓани на просветни работници за заштита на правата на жените и децата ЛИЛ Скопје

Според добиените податоци, ова Здружение од 2010 година работи на проблемот со неевидентирани лица и има сопствена база на податоци, согласно ***која бројот на неевидентирани лица во матичната книга на родени изнесува 100. За 57 лица биле отворени прашалници по пријава на Јавниот повик, односно по спроведени посети во местото на живеење/престојување на лицата, додека за 30 лица започната е постапка за дополнителен успис пред објавување на јавниот повик.***

Здружението „ЛИЛ“ известува дека ***во текот на 2018 година поднесени се 30 Барања за упис во матичната книга на родени, 15 во текот на 2019, 17 во текот на 2020 година, и 15 барања во периодот јануари-април 2021 година***, ***односно вкупно 77 барања***. Притоа, во текот на 2018 година биле донесени 10 решенија за упис, во 2019 година 15, во текот на 2020 година 10, и во периодот јануари-април 2021 година донесени се 3, ***односно вкупно 38 решенија за упис во матична книга на родени. Досега, за ниту едно лице не е издаден извод од посебната матична книга на родени.***

| **година** | **Поднесени барања** | **Донесени решенија** |
|---|---|---|
| 2018 | **30** | **10** |
| 2019 | **15** | **15** |

| | | |
|---|---|---|
| 2020 | **17** | **10** |
| Април-мај 2021 | **15** | **3** |

Здружението води евиденција и за број на неевидентирани лица по возраст и етничка припадност, според која ***од 57 лица најголем број (37) се деца до 18 години, и 20 се на возраст до 59 години, сите се припадници на ромската заедница.***

| **Возраст** | **Вкупен број** |
|---|---|
| До 4 години | **17** |
| 5-17 години | **20** |
| 18-59 години | **20** |
| Над 60 години | / |

***Заклучно со април 2021 година, со помош на Здружението поднесени се 15 барања за упис во МКР, од кои 10 се однесуваат за упис на дете и 5 за упис на возрасно лице, но до сега не е донесено решение од страна на УВМК.***

## 6. Сублимирани одговори од граѓанските здруженија и организации

Со оглед дека Граѓанските организации/здруженија располагаат со сопствени бази на податоци за бројот на лица неевидентирани во матичната книга на родени, како и податоци во однос на возрасната структура и етничка припадност на овие лица, во овој дел се сублимирани одговорите добиени од истите по однос на споменатото.

На графиконот подолу е прикажан вкупниот број на неевидентирани лица во матичната книга на родени, согласно податоци прикажани во Прашалникот од страна на анкетираните граѓански организации/здруженија.




**Број на неевидентирани лица, според возраст, согласно податоци од Граѓанските здруженија и организации:**

| **Назив на Граѓанска Организација или Здружение** | **До 4 години** | **5-17 години** | **18-59 години** | **Над 60 години** |
|---|---|---|---|---|
| Македонско здружение на млади правници **МЗМП** | 42 | 145 | 9 | 1 |
| Здружение на граѓани Асоцијација иницијатива за социјална промена **ИнСок** | Нема податок | Нема податок | Нема податок | Нема податок |
| Здружение на граѓани на просветни работници за заштита на правата на жените и децата **ЛИЛ** | 17 | 20 | 20 | 0 |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| Здружение за правна едукација и транспарентност **СТАНИЦА П.Е.Т.** | 0 | 5 | 5 | 0 |

***Согласно податоците, вкупниот број на неевидентирани деца до 4 години е 59, а од 5-17 години 170, односно вкупно 260 лица под 18 годишна возраст, со што се потврдува и погореспоменатиот заклучок во однос на податоците добиени од надлежната Управа.***

| **Етничка припадност** | Македонско здружение на млади правници **МЗМП** | Здружение на граѓани на просветни работници за заштита на правата на жените и децата **ЛИЛ** | Здружение за правна едукација и транспарентност **СТАНИЦА П.Е.Т.** |
|---|---|---|---|
| Македонци | 2 | / | 1 |
| Албанци | 35 | / | / |
| Роми | 233 | 57 | 7 |
| Турци | / | / | / |
| Срби | / | / | / |
| Власи | / | / | / |
| Бошњаци | / | / | / |
| Друго | 11 | / | 2 |

***Според добиените податоци од граѓанските организации/Здруженија, најголем број од неевидентираните лица во матичната книга се Роми е 297, Албанци 35, Македонци 3 и Други 13, што исто така е во корелација со податокот добиен од Управата за водење на матични книги.***

## Заклучни согледувања и препораки

- Народниот правобранител, согледувајќи ги одговорите добиени од Управата за водење на матичните книги и Граѓанските организации/Здруженија кои се занимаваат со проблематиката, при тоа ргнувајќи од определеното во Законот за неевидентирани лица во матичната книга на родени (Службен весник на Република Северна Македонија број 42//2020) и Уредбата со законска сила за измени и дополнување за примена на Законот за неевидентирани лица во матичната книга на родени во време на вонредна состојба (Службен весник на Република Северна Македонија број140/2020), ***неспорно утврди дека важноста на Законот е до 30.06.2021 година, а 70 % од идентификуваните неевидентирани лица се уште не поднеле барање за упис.***

- Овој закон започна да се применува по завршување на вонредната состојба поради Ковид 19, при што во пракса ***граѓаните имаа ограничен пристап до институциите,*** кои со цел заштита на здравјето на вработените и генерално на граѓаните (баратели на услуги) воведоа поинаков начин на работа.

- Во тој контекст и ***невладините организации/здруженија*** кои работат на информирање на лицата, ***теренската работа ја извршуваа со намален капацитет,*** поради сериозноста на ситуацијата и се поголемиот број на заболени и починати лица.

- Податоците потврдуваат дека ***заклучно со април 2021 година вкупниот број на неевидентирани лица внесени во Евиденција изнесува 659 лица, од кои голем е бројот на деца до 18 години.***

- ***До април 2021 година поднесени се само 211 Барања за упис во посебната МКР***, што упатува на заклучок дека ***448 лица се уште немаат поднесено барање за упис во посебената матична книга на родени, и следствено доколку не влезат во постапка ќе ја изгубат можноста да побараат упис односно да добијат Извод, а со тоа и идентификациона исправа, со што проблемот со правно невидливите деца/лица и натаму ќе остане нерешен.***

- ***Повеќе од половина, односно 60% (или 397) се неевидентирани деца, на возраст под 18 години, при што дополнително загрижува податокот дека Управата за водење на матични книги нема информацијата за бројот на деца кои се родени***

***по завршувањето на јавниот повик, а кои не исполнуваат услови за запишување во матична книга на родените согласно со закон (со оглед дека и оваа категорија е опфатена во Законот за неевидентирани лица во матична книга на родени).***

- Според Законот, децата/лицата кои се запишуваат во посебната матична книга на родени може да остварат право на образование, здравствена заштита, социјална заштита, како и вработување со задолжително социјално осигурување. Оттука, ***овој закон не го решава пристапот до други гарантирани права на децата односно неевидентираните лица***. ***Како што потврдуваат и од УВМК со документот кој го добива (идентификациона исправа), лицето не може да отвори сметка во банка, ниту да склучи брак, да изврши признавање на дете, или пак, да изврши упис на дете (односно пријава на раѓање на дете) во редовна постапка, ако за тоа се исполнети условите од Законот.***

- Законот дава можност за лице кое е запишано во ***Посебната матична книга на родени ,*** во случај ако истото почине неговата смрт да биде запишана во Посебна матична книга на умрените и издавање Извод од посебната матична книга на умрени. ***Оттука, констатција е дека Законот не го уредува прашањето за упис во Посебна матична книга на умрените за лице кое има поднесено барање, но постапата е во тек или пак за лице кое се пријавило како неевидентирано, а се уште не поднело барање за упис.***

- Во однос на определени приемни денови на барања за упис на неевидентирани лица во Подрачните одделнија низ државата, констатација е ***дека во секој град бројот на приемни денови се различно определени, при што во најголем број подрачни одделенија на Управата за водење на матични книги има само по едно службено лице за контакт со странките во постапката за прибирање, евиденција и издавање на изводи на неевидентирани лица.***

- ***Несомнена е потребата од преземање на мерки со цел неевидентираните лица соодветно и целосно да бидат информирани за уписот во посебната матична книга на родени , со насоки за потребната документација и законски утврдениот рок.***

Согласно горенаведеното Народниот правобранител **препорачува:**

- ***Да се разгледа можноста за една година да се продолжи рокот за поднесување на барање за упис, утврден во член 7 став 1 од Законот за неевидентирани лица во матичната книга на родени, и во таа насока овие лица да имаат можност да поднесат барање со потребната документација до надлежниот орган најдоцна до јуни 2022 година.***

- ***Во Законот за неевидентирани лица да се прошири опсегот на примена на документот (Идентификациона исправа) што го добиваат лицата запишани во Посебната матична книга (член 11 од Законот), заради непречено остварување на основните човекови права на децата и лицата чие раѓање се евидентира во Посебна матична книга, како и да се уреди прашањето за упис во посебната матична книга на умрените за лицата кои починале, а за кои е во тек постапката за упис согласно закон.***

- ***Да се зголеми бројот на лица задолжени за прием на барања, упис и водење на постапка за запишување на неевидентираните лица, и да се определат повеќе приемни денови во тек на работната недела во врска со ова прашање,***

- ***Да се преземат мерки и активности за целосно информирање на неевидентираните лица, со јасни и конкретни насоки за потребната документација за упис во посебната матична книга на родени, како и да се изнајдат начини за континуирано информирање на граѓаните за обврската за упис во матичните книги, како и последиците или ограничувањата за остварување на основните права на детето доколку не биде регистрирано неговото раѓање.***

- ***Народниот правобранител препорачува државата преку институциите целосно да ја преземе одговорноста за идентификација, регистрација и вклучувањето на правно невидливите лица во системот, односно повеќегодишниот проблем со неевидентираните деца/лица да го реши на системски начин и трајно, со почитување на меѓународните конвенции за правата на детето, и домашната регулатива, при што Здруженијата на граѓани како нивни партнери (соработници) можат да помогнат во активностите за мапирање, информирање и обезбедување на помош во прибирање на потребната документација за нивна евиденција.***

- ***Да се преземат мерки за интензивирање на посетите во живеалиштето/престојувалиште на неевидентираните лица од страна на мобилни тимови составени од претставници на УВМК во соработка со граѓанските организации и здруженија, и мерки за сензибилизирање на вработените за постапување со овие лица, како и подобрување на односот кон неевидентираните лица во матичната книга на родените, со почитување на човековотот достоинство на лицата.***

-